1830 2
Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖБЕН ЛИСТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 30 ноември 1979
БЕЛГРАД
БРОЈ 61 ГОД. XXXV

Цена на овој број е 18 динари. — Претплатата за 1979 година изнесува 800 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651 671; Телекс 11756

**835.**

Врз основа на чл. 93 и 424 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ОПШТИТЕ НАЧЕЛА ЗА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

### I. Општи одредби

Член 1

Со оваа уредба се уредуваат начелата за утврдување на внатрешната организација и работата и на систематизацијата на задачите и работите во сојузните органи на управата и во сојузните организации, видовите на организациони единици и условите за нивно формирање, како и начинот на организирање на работата во тие органи и организации.

Член 2

Заради обезбедување услови за законито, стручно, ефикасно и рационално вршење на задачите и работите од делокругот на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација, функционерот што раководи со тој орган, односно организација, е должен да ја организира работата во тој орган, односно организација во согласност со сојузниот закон и со оваа уредба, и тоа на начин со кој се овозможува особено:

1) извршување на задачите и работите, што произлегуваат од Уставот на СФРЈ, од сојузни закони, од други сојузни прописи и општи акти и од задачите што ќе ги определат Собранието на СФРЈ и Сојузниот извршен совет;

2) законито, навремено и ефикасно остварување на правата, интересите и обврските на работните луѓе и граѓаните, на организациите на здружен труд и на други самоуправни организации и заедници и здруженијата на граѓаните;

3) остварување на одговорноста за вршење на задачите и работите;

4) успешно остварување и развивање на социјалистичкото самоуправување;

5) ефикасно раководење, како и координација и надзор над извршувањето на задачите и работите;

6) остварување на соработка на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација со други сојузни органи на управата и сојузни организации и соработка со други сојузни органи, со соодветните републички и покраински органи на управата, како и со организации на здружен труд и други самоуправни организации и заедници, со општествено-политички и општествени организации, со здруженијата на граѓаните и со други организации;

7) применување на современи методи и средства на работа и систематско унапредување на работата;

8) ангажирање на стручни и научни организации во вршењето на задачите и работите на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација;

9) успешно вршење на задачите и работите на општонародната одбрана и општествената самозаштита;

10) информирање на јавноста за работата.

Член 3

Сојузниот орган на управата, односно сојузната организација е должна да развива такви методи и форми на работа со кои се поттикнуваат тимска и самостојна творечка работа, афирмација на стручното знаење на работниците, давање на иницијативи и предлози и развивање на одговорноста за работата.

Член 4

При утврдувањето на внатрешната организација на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација, се тргнува од задачите и работите што произлегуваат за тој орган, односно организација од надлежностите утврдени со сојузни прописи и од делокругот утврден со сојузен закон. Тие задачи и работи се групираат според нивниот вид, степенот на сложеноста, обемот, одговорноста и другите услови потребни за нивното вршење.

Сојузниот орган на управата, односно сојузната организација, при утврдувањето на внатрешната организација, е должен вршењето на своите задачи и работи да го разграничи и усогласи со задачите и работите на другите сојузни органи на управата и сојузни организации, а особено со задачите и работите на органите и организациите што се во неговиот состав, односно во чиј состав се наоѓа.

Член 5

Видовите и бројот на организационите единици и бројот на работниците во сојузен орган на управата, односно во сојузна организација се утврдуваат според видот, сложеноста и обемот на задачите и работите на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација, и според меѓусебната поврзаност на тие задачи и работи и според други услови потребни за нивното вршење.

При утврдувањето на внатрешната организација на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација, ќе се води сметка да се обезбеди, во рамките на организационите единици и на бројот на работниците утврдени на начинот од став 1 на овој член, успешно извршување на редовните и вонредните задачи и работи на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација, со примена на соодветни методи на работа (повремени работни групи, комисии и сл., стручна соработка со соодветни сојузни органи на управата и сојузни организации, како и со републички и покраински органи на управата и др.).

Член 6

Ако за обработка на одделни прашања се потребни посебни проучувања, кои не можат да се обезбедат во рамките на внатрешната организација на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација, или со стручна соработка и помош од други сојузни органи на управата и сојузни организации, такви проучувања можат да им се доверат на соодветни научни и стручни организации или на други самоуправни организации, заедници и здруженија на граѓаните.

Член 7

Вршењето на административно-технички, материјално-финансиски и други општи работи потребни за работата на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација, го обезбедува сојузниот орган на управата, односно сојузната организација, со користење на услуги од соодветни заеднички стручно-технички и други служби формирани за нивните потреби.

По исклучок од одредбата од став 1 на овој член, кога тоа природата на дејноста, обемот на односните работи, сместувањето и другите услови за работа на сојузен орган на управата или на сојузна организација го бараат, односно кога вршењето на односните работи не може да го преземе и со успех да го врши соодветна заедничка стручно-техничка или друга служба, вршењето на тие работи може непосредно да го организира сојузниот орган на управата, односно сојузната организација, во рамките на својата внатрешна организација, при согласност од Сојузниот извршен совет.

Член 8

Сојузниот орган на управата, односно сојузната организација е должна, во рамките на својот делокруг, редовно да ги евидентира надлежностите утврдени со сојузни прописи за тој орган, односно организација, надлежностите установени со тие прописи за другите сојузни органи и за органите во републиката и автономната покраина, како и јавните овластувања чие вршење им е доверено, со сојузен закон, на организации на здружен труд и на други самоуправни организации и заедници, на општествени организации, на здруженија на граѓаните и на други организации, и тоа на начинот и под условите што ќе ги утврди Сојузниот извршен совет.

## II. Видови на организациони единици и услови за нивно формирање

Член 9

Задачите и работите на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација, се вршат во рамките на нивните организациони единици.

По исклучок од одредбата од став 1 на овој член, ако природата на задачите и работите, специфичните потреби и други услови на работата го бараат тоа, или ако за вршењето на одделни задачи и работи не постојат услови да се формираат организациони единици, може вршењето на одделни задачи и работи да се организира во сојузниот орган на управата, односно во сојузната организација и надвор од составот на организационите единици (во натамошниот текст: самостоен извршител).

Член 10

Организационите единици на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација, во рамките на својот делокруг, собираат и обработуваат податоци и материјали потребни за вршење на задачите и работите од надлежноста и делокругот на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација, подготвуваат нацрти, односно предлози на прописи и општи акти и меѓународни договори, информации, анализи, елаборати, мислења и предлози, вршат работи што се однесуваат на подготовките за склучување на меѓународни договори и на извршување на склучените меѓународни договори, ја водат управната постапка и подготвуваат решенија во управни работи, ги вршат работите на инспекцискиот и друг управен надзор, стручните работи на техничките струки и други стручни работи, како и општите работи потребни за остварување на функциите на органот, односно на организацијата, освен во случаите од член 7 став 1 на оваа уредба.

Член 11

Организационите единици на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација, можат да се установуваат како основни организациони единици или како организациони единици во состав на основните организациони единици.

Основните организациони единици се непосредно организационо врзани за функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација, а организационите единици во состав на основните организациони единици — преку основната организациона единица во чиј состав се.

Основната организациона единица не мора во својот состав да има организациони единици туку само непосредни извршители на задачи и работи ако тоа природата на задачите и работите од нејзиниот делокруг и другите услови за работа го овозможуваат.

Организационата единица во состав на основна организациона единица не може да има, по правило, во својот состав организациона единица.

Член 12

Основни организациони единици во сојузниот орган на управата, односно во сојузната организација се: реферат, група, отсек, одделение, служба, кабинет и сектор.

Организациони единици во состав на основните организациони единици во сојузниот орган на управата, односно во сојузната организација се: реферат, група, отсек, одделение и служба.

Организационата единица од став 2 на овој член не може да има ист назив, како и организационата единица во чиј состав е.

Член 13

Во Сојузниот секретаријат за надворешни работи и во Сојузниот секретаријат за внатрешни работи може да се формира и управа како основна организациона единица, односно како внатрешна организациона единица.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, во одделни сојузни органи на управата и во сојузните организации може да се формира и центар како основна организациона единица.

Член 14

Во одделни сојузни органи на управата и во сојузните организации можат, по исклучок, да се формираат организациони единици со други називи, освен називите наведени во член 12 на оваа уредба, ако тоа повеќе ѝ одговара на природата на задачите и работите, што се вршат во тие единици.

Во случајот од став 1 на овој член, со правилникот за организацијата и работата на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација ќе се утврди на која организациона единица од член 12 на оваа уредба ѝ соодветствува организационата единица со друг назив, водејќи сметка за критериумите и за другите услови пропишани со оваа уредба за утврдувањето на тие организациони единици.

Член 15

За вршењето на управни задачи и работи (водење управна постапка и решавање во управни работи, инспекциски и други работи на управен надзор, подготвување и извршување на буџетот на федерацијата, располагање со имотот на федерацијата, одбранбени подготовки, општествена самозаштита и др.), како и за вршењето на задачи и работи што се однесуваат на: работно-правните односи во сојузниот орган на управата, односно во сојузната организација, препис и умножување на материјали, преведување, документалистика и библиотека, работите на техничкиот секретар, материјално-финансиските работи, персоналната евиденција, канцелариски и други административно-технички работи се формираат по правило, реферат, отсек, служба или одделение.

За вршењето на стручно-аналитички и регулаторни задачи и работи (изработка на информации, анализи, елаборати и други материјали, подготвување на нацрти и предлози на прописи и општи акти, давање стручни мислења и објасненија, како и за вршење на стручни задачи и работи од оперативна природа во одделни технички струки и сл.) се формираат, по правило, група или служба.

Член 16

Реферат се формира за вршење на задачите и работите од член 15 став 1 на оваа уредба ако не постојат услови за формирање на отсек.

Член 17

Група се формира за вршење на задачите и работите од член 15 став 2 на оваа уредба за чие вршење се предвидуваат најмалку три работници, вклучувајќи го и раководителот на групата.

Член 18

Отсек се формира за вршење на сродни управни или општи задачи и работи (член 15 став 1) кои бараат самостојност и поврзаност во работата и за чие вршење се предвидуваат најмалку 4 работници, вклучувајќи го и шефот на отсекот.

Член 19

Одделение се формира за вршење на меѓусебно поврзани управни и други задачи и работи (член 15 став 1) кои, по правило, се вршат по отсеци и реферати во неговиот состав или кога тоа го бара обемот или потребна самостојност во раководењето со задачите и работите и во непосредното вршење на определени управни овластувања и кога за односните задачи и работи се предвидуваат најмалку 8 работници, вклучувајќи го и началникот на одделението.

Член 20

Служба се формира за вршење на задачи и работи различни по сродност (член 15) кога нивното обединување е потребно заради ефикасно раководење и рационално вршење на тие задачи и работи.

Член 21

Сектор се формира за вршење на задачи и работи сродни по материја, кои опфаќаат повеќе подрачја на работа од делокругот на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација, кога е потребно да се обезбеди понепосредна соработка и да се обедини работата на повеќе внатрешни организациони единици, односно поголем број непосредни извршители на задачите и работите.

Член 22

Управа се формира за вршење на задачи и работи што бараат поголема оперативност во работата (член 13 став 1).

Член 23

Центар се формира за вршење на аналитички, регулаторни и други стручни задачи и работи кои се однесуваат на обезбедување информативни, статистички, документалистички, образовни и стручно-технички задачи и работи, како и за вршење на задачи и работи за унапредување на организацијата на одделни дејности и кои бараат подолги проучувања и применување на соодветни научни и стручни методи во работата.

Член 24

Во сојузните секретаријати и во сојузните комитети се формира кабинет на сојузниот секретар, односно на претседателот на сојузниот комитет, за вршење на стручни и други работи за потребите на сојузниот секретар, односно на претседателот на сојузниот комитет, како член на Сојузниот извршен совет и функционер кој раководи со сојузниот секретаријат, односно со сојузниот комитет.

Кабинетот од став 1 на овој член врши задачи и работи и за потребите на заменик-сојузниот секретар, односно на заменик-претседателот на сојузниот комитет.

Во другите сојузни органи на управата, освен сојузните секретаријати и сојузните комитети и во одделни сојузни организации со поразвиена внатрешна организациона структура и со поголем број работници може, за вршењето на задачите и работите потребни за остварувањето на правата и должностите на функционерот кој раководи со тој орган, односно со организацијата, да се формира биро, ако вршењето на односните задачи и работи не може да се обезбеди во рамките на други организациони единици, односно преку самостојни извршители или преку раководните работници во органот, односно во организацијата.

## III. Начин на организирање на работата

Член 25

Сојузните органи на управата и сојузните организации имаат програми и планови за работа.

Програмата и планот за работа го донесува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација, по прибавеното мислење од работната заедница во органот, односно организацијата.

Во програмата за работа се утврдуваат, по правило, едногодишната активност на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација, согласно со задачите и со работите од делокругот на тој орган, односно организација, а во согласност со програмите на Собранието на СФРЈ и на Сојузниот извршен совет.

Врз основа на програмата за работа, сојузниот орган на управата, односно сојузната организација, ги утврдува периодичните (месечни и тримесечни) планови за работа.

Во плановите за работа од став 4 на овој член се утврдуваат распоредот, динамиката, извршителите и другите услови потребни за извршување на задачите и работите.

Член 26

Во сојузниот орган на управата, односно во сојузната организација, се формира колегиум.

Колегиумот се формира како советодавно тело на функционер кој раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација.

Колегиумот дава мислење и предлози, за прашањата што ги разгледува.

Колегиумот ги разгледува особено:

1) нацрт-програмите, односно плановите за работа и извештаите за извршување на задачите и работите;

2) предлозите за донесување на закони односно нацртите и предлозите на законите, други прописи и општи акти;

3) анализите, извештаите, информациите, проектите, програмите и други материјали;

4) мислењата од начелен карактер што се даваат во врска со применувањето на прописите од делокругот на органот, односно организацијата;

5) прописите и општите акти на органот, односно организацијата;

6) претсметката и завршната сметка на органот, односно организацијата;

7) мислењето за придонесот на работната заедница во органот, односно организацијата во остварувањето на функциите, односно на задачите и работите на органот, односно организацијата.

8) други прашања значајни за функционирањето на органот, односно организацијата.

Колегиумот го сочинуваат: функционерот што раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација, неговиот заменик, потсекретарот, другите раководни работници и работниците за кои тоа е утврдено со правилникот за организацијата и работата на сојузниот орган на управата, односно сојузната организација.

Член 27

Со работата на организационите единици раководат:

1) со реферат — водител на рефератот;

2) со група — раководител на групата;

3) со отсек — шеф на отсекот, со кабинет — шеф на кабинетот, со биро — шеф на бирото;

4) со служба — началник, односно шеф на службата;

5) со сектор — помошник на функционерот што раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација;

6) со управа, односно со одделение — началник на управата, односно началник на одделението;

7) со центар — помошник на функционерот што раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација, односно началник на центарот.

Член 28

Раководните работници и работниците на кои им е доверено раководењето со работата на организационите единици ја организираат, обединуваат и насочуваат работата на тие единици, одговараат за навремено, законито и правилно, односно квалитетно вршење на задачите и работите од делокругот на организационата единица со која раководат, ги распоредуваат задачите и работите на организационата единица во состав на организационата единица со која раководат, односно на непосредните извршители, им даваат на непосредните извршители потребна стручна помош во работата и ги вршат најсложените задачи и работи од делокругот на организационата единица со која раководат, утврдени со правилникот за систематизацијата на задачите и работите на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација.

Раководните работници и работниците од став 1 на овој член за својата работа и за работата на основната организациона единица со која раководат му одговараат на функционерот што раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација.

Работниците што раководат со организационата единица во состав на основната организациона единица, за својата работа и за работата на организационата единица со која раководат, му одговараат на раководниот работник, односно на работникот што раководи со основната организациона единица, во чиј состав е односната организациона единица.

Самостојниот извршител (член 9 став 2) непосредно работи според упатствата на функционерот што раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација, и му одговара за вршење на доверените задачи и работи.

Член 29

За извршување на одделни посложени задачи и работи, што бараат заедничка работа на раководните работници и на работниците од различни профили од две или од повеќе организациони единици, можат, во сојузниот орган на управата или во сојузната организација, да се формираат постојани или повремени комисии, работни групи и други работни тела.

Составот и задачите, динамиката и другите услови за работа на комисиите, групите и на другите работни тела од став 1 на овој член, ги утврдува функционерот што раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација.

Член 30

Правните служби во сојузните органи на управата и во сојузните организации, во вршењето на задачите и работите од својот делокруг, остваруваат меѓусебна соработка, а особено со Сојузниот комитет за законодавство, заради обезбедување на методолошко единство во подготвувањето на прописите и нивната согласност со Уставот на СФРЈ и со сојузните закони, за обезбедување на единствени ставови во поглед на извршувањето на прописите, како и заради остварување на единство на правниот систем.

Сојузните органи на управата и сојузните организации соработуваат со Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа по прашањата во врска со подготвувањето на прописите со кои се предвидуваат казнени одредби за дејствија со кои се повредуваат сојузните прописи и по прашањата на организацијата и начинот на работа на сојузните органи.

Член 31

Ако со заклучок на Соборот на Собранието на СФРЈ или на Сојузниот извршен совет е определено два или повеќе сојузни органи на управата, односно сојузни организации, заедно да подготват пропис, односно друг материјал, или да извршат друга задача, функционерите што раководат со тие органи и организации се должни веднаш по добивањето на таков заклучок, договорно да го утврдат начинот на извршување на заедничката задача.

Член 32

Подрачните органи и подрачните организациони единици на сојузните органи на управата ,односно на сојузните организации, чие седиште е во исто место, се должни меѓусебно да соработуваат врз задачите и работите од заеднички интерес, да даваат заемна помош, како и договорно да го организираат извршувањето на задачите и работите од заеднички интерес, заеднички да ја користат опремата, и сл.

Сојузниот извршен совет може да определи во кои случаи подрачните органи и подрачните организациони единици се должни да постапуваат во смисла на став 1 од овој член.

**IV. Општи акти за организацијата и работата и општи акти за систематизацијата на задачите и работите**

Член 33

Внатрешната организација на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација, и систематизацијата на задачите и работите во тој орган, односно организација, се утврдуваат со правилници.

Член 34

Со правилникот за организацијата и работата на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација, се утврдуваат прашањата од член 94 став 1 на Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, поблиску се уредува употребата на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија, како и остварувањето на јавност во работата на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација.

Член 35

Со правилникот за систематизацијата на задачите и работите во сојузниот орган на управата, односно во сојузната организација, се утврдуваат во согласност со член 94 ст. 2 и 3 и член 95 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, особено:

1) вкупниот број на работници потребни за вршење на задачите и работите, со назначување на вкупниот број на работници потребни за вршење на задачите и работите од делокругот на органот, односно организацијата утврден со закон и вкупниот број на работници потребни за вршење на други задачи и работи, како и вкупниот број на раководни работници;

2) називот и распоредот на задачите и работите по организациони единици, што се утврдени со правилникот за организацијата и работата, бројот на работници потребни за вршење на тие задачи и работи и бројот на работници за вршење на задачите и работите што се установуваат надвор од составот на организационите единици, со опис на задачите и работите за секој работник или група работници и со потребните услови за работа врз односните задачи и работи;

3) бројот и видовите на раководни работници што се поставуваат во органот, односно организацијата, со означување на задачите и работите што треба да ги вршат и потребните услови за работа врз тие задачи и работи;

4) бројот на приправниците што се примаат во работен однос и условите за прием на приправници.

Член 36

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата, односно сојузната организација, при донесувањето на правилникот за организацијата и работата и правилникот за систематизацијата на задачите и работите ќе води особено сметка:

1) бројот и видовите на раководни работници што ги поставува Сојузниот извршен совет и бројот на раководителите на организационите единици да се утврдуваат зависно од потребата од раководење и координирање на работата, од бројноста и сложеноста на комуницирањето со другите органи и организации, како и од други услови потребни за вршење на задачите и работите на органот, односно организацијата;

2) бројот и видовите на работниците да одговараат на видот, карактерот и обемот на работите, на начинот и на другите услови за работа на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација;

3) условите за работа врз задачите и работите во поглед на стручната подготовка да се утврдуваат на тој начин што ќе се предвиди најнизок степен и вид на школска подготовка што е потребно за вршење на тие задачи и работи, а, по исклучок, да може алтернативно да се утврди само видот на школската подготовка, во рамките на ист степен, од соодветна насока, ако на тој начин еднакво може да се обезбеди успешно вршење на односните задачи и работи;

4) условите во поглед на должината на потребното работно искуство да се утврдуваат зависно од видот, карактерот и сложеноста на задачите и работите;

5) работите на народна одбрана и општествена самозаштита да можат во сојузниот орган на управата, односно сојузната организација да ги вршат и активни воени лица.

Член 37

Како развиена внатрешна организација, во смисла на член 239 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, се смета таква внатрешна организација што ја сочинуваат најмалку пет основни организациони единици, не сметајќи го референтот (член 12).

Во сојузниот орган на управата, односно сојузната организација може да се постави помошник на функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата односно сојузната организација, со задача да ја обединува работата на две или повеќе основни организациони единици што не се организирани како сектори, ако во тој орган, односно организација, не е поставен потсекретар.

Член 38

Функционерите што раководат со сојузен орган на управата и со сојузни организации, при подготовката на правилникот за организацијата и работата и на правилникот за систематизацијата на задачите и работите, остваруваат соодветна меѓусебна соработка, особено при утврдувањето на делокругот на организационите единици. Затоа тие се должни едни на други да ги доставуваат на мислење нацртите на тие правилници, односно да остваруваат други видови на соработка со кои ќе се спречат можни појави на дуплирање на задачите и работите и организацијата во два или повеќе сојузни органи на управата односно сојузни организации.

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата, односно со сојузна организација, при поднесувањето на правилникот за организацијата и работата и на правилникот за систематизацијата на задачите и работите до Сојузниот извршен совет заради давање на согласност, е должен да му ги достави на Советот забелешките и предлозите од сојузните органи на управата и сојузните организации на нацртите на правилниците што не ги усвоил, со образложение поради што не ги усвоил.

Ако сојузниот орган на управата, односно сојузната организација на која и се доставени нацртот на правилникот, за организацијата и работата и нацртот на правилникот за систематизацијата на задачите и работите заради давање мислење, не ги достави во бараниот рок своите забелешки и предлози, функционерот од став 2 на овој член може по истекот на тој рок наведените нацрти да му ги достави на Сојузниот извршен совет заради давање на согласност.

Член 39

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата, односно со сојузна организација, е должен да им ги достави на мислење на Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа и на Сојузниот комитет за законодавство нацртот на правилникот за организацијата и работата и нацртот на правилникот за систематизацијата на задачите и работите.

Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа и Сојузниот комитет за законодавство, во рамките на своите надлежности утврдени со закон, даваат мислење за нацртите на правилниците од став 1 на овој член, од гледиште на согласноста на тие нацрти со начелата утврдени со оваа уредба, односно од гледиште на нивната согласност со сојузниот закон и со други сојузни прописи. Тие се должни ова мислење да му го доставаат на соодветен сојузен орган на управата односно сојузна организација, во рок од 15 дена од денот на приемот на нацртите на односните правилници.

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата односно со сојузна организација, при поднесувањето на правилникот за организацијата и работата и на правилникот за систематизацијата на задачите и работите до Сојузниот извршен совет заради давање согласност, е должен на Советот да му го достави мислењето од Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа, односно од Сојузниот комитет за законодавство, дадено на нацртите на тие правилници, како и во образложението кон правилниците да ги наведе забелешките од Секретаријатот односно Комитетот, што не ги усвоил и причините поради што не ги усвоил.

Член 40

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата, односно со сојузна организација, при поднесувањето на правилникот за организацијата и работата и правилникот за систематизацијата на задачите и работите до Сојузниот извршен совет, заради давање согласност, должен е да обезбеди решенијата содржани во тие правилници да бидат образложени, особено од становиште на видот и обемот на задачите и работите и на условите за нивно вршење, како и од становиште на својата општествена оправданост.

Член 41

Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа, во рамките на својата надлежност утврдена со закон е должен на сојузните органи на управата и на сојузните организации да им дава соодветна методолошка помош во работата врз подготвувањето на правилникот за организацијата и работата и на правилникот за систематизацијата на задачите и работите, кога тие ќе побараат таква помош.

**V. Преодни и завршни одредби**

Член 42

Одредбите од оваа уредба се применуваат и на стручните и други служби на Сојузниот извршен совет, ако со актот за нивното формирање не е определено поинаку.

Одредбите од оваа уредба не се однесуваат на Сојузниот секретаријат за народна одбрана и на Сојузната дирекција за промет и резерви на производи со посебна намена.

Член 43

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата, односно со сојузна организација е должен во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, да донесе правилник за организацијата и работата и правилник за систематизацијата на задачите и работите во согласност со начелата утврдени со оваа уредба, како и во тој рок да му ги поднесе тие правилници на Сојузниот извршен совет заради давање согласност, по постапката што е предвидена со оваа уредба.

Член 44

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е п. бр. 1004
16 ноември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

---

**836.**

Врз основа на член 36 став 2 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78 и 26/79), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ПРОМЕТ НА МЕДАЛЈОНИ, ЗНАЧКИ И ПРИДАТОЦИ, ШТО СЕ ИЗДАВААТ ПО ПОВОД НА НАСТАНИ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАРОДИТЕ И НАРОДНОСТИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за ослободување од плаќање на данок на промет на медалјони, значки и придатоци, што се издаваат по повод на настани од посебно значење за народите и народностите на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 3/74, 11/74, 28/74, 8/75, 55/75, 12/76, 18/76, 26/76, 45/76, 27/77, 51/77, 2/78, 25/78, 51/78, 62/78 и 27/79) во точка 1а, во одредбата под 124 на крајот, точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат дваесет нови одредби, кои гласат:

„125) на јубиларни значки што се издаваат по повод прославата на 35-годишнината од формирањето на 43. истарска дивизија;

126) на јубиларни значки и придатоци, што се издаваат по повод прославата на 35-годишнината од битката на Батина;

127) на јубиларни значки, медалјони и плакети, што се издаваат по повод прославата на 125-годишнината од раѓањето на Михајло Пупин;

128) на јубиларни значки со ликовите на д-р Иван Рибар, Јурица Рибар и Иво-Лола Рибар;

129) на јубиларни значки и медалјони, што се издаваат по повод прославата на 35-годишнината од првиот напад на партизанските чети врз окупаторот и одржувањето на собир на преживеаните борци од I баталјон на III бригада во Храстник;

130) на јубиларни значки „Музеј револуције народа Хрватске“;

131) на значки „Ништо не смее да не изненади“;

132) на јубиларни значки на Сојузот на синдикатите на Словенија што се доделуваат како знак на признание во вршењето на синдикални функции;

133) на јубиларни значки што се издаваат по повод прославите на: 60-годишнината на КПЈ и на СКОЈ; Движењето на здружените синдикати; Движењето на револуционерните жени и 40-годишнината од отворањето на Губчевиот дом во Видем кај Шавница;

134) на јубиларни значки што ги издава Противпожарниот сојуз на Словенија како знак на признание за постигнатите резултати во противпожарството;

135) на јубиларни значки и придатоци што се издаваат по повод откривањето на Спомеником на Кадињача;

136) на јубиларни плакети што се издаваат по повод прославата на 35-годишнината од ослободувањето на Белград;

137) на јубиларни значки, плакети и повелби на Социјалистичкот сојуз на работниот народ на Србија, што се доделуваат како знак на признание за работата врз остварувањето на општествено-политичката улога и на задачите на Социјалистичкиот сојуз;

138) на јубиларни значки, плакети и придатоци на Спортското друштво „Раднички"-Белград, што се издаваат по повод прославата на 60-годишнината од неговото постоење и на 35-годишнината од дејствувањето во самоуправна социјалистичка Југославија;

139) на јубиларни значки „30 години самоуправување", што ги издава Новинско-издавачката работна организација „Експорт-прес" од Белград;

140) на јубиларни значки што се издаваат по повод прославата на 40-годишнината од советувањето на Комунистичката партија на Југославија во Тацен;

141) на јубиларни значки и плакети што се издаваат по повод одржувањето на X работно-производствен натпревар на металските работници во Трстеник;

142) на јубиларни значки „Сутјеска 1979" што се издаваат по повод одржувањето на авто-мото рели;

143) на јубиларни значки и плакети што се издаваат по повод формирањето на првата партизанска блех-музика;

144) на јубиларни значки со ликот на другарот Тито што се издаваат по повод прославата на 60-годишнината на СКЈ, СКОЈ и на револуционерните синдикати на Југославија".

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1008
22 ноември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

**837.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 76 под 5 на Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема од 1 јули до 31 декември 1978 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/78) чие важење е продолжено со Одлуката за продолжување на важењето на Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема од 1 јули до 31 декември 1978 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/78, 6/79, 9/79, 14/79, 21/79, 26/79 и 58/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДНИЦИТЕ НА ЈАГЛЕН И ПРИ ОБЛАГОРОДУВАЊЕТО НА ЈАГЛЕНОТ

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во рудниците на јаглен и при облагородувањето на јагленот („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78) во точка 1 во тар. број 84.22/2 и 6, по осмата алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„— Едношински висечки дигалки за транспорт на луѓе и материјали".

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 30 септември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1005
22 ноември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

**838.**

Врз основа на член 49 став 2 на Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 под 24 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалување на царината на увозот на специфичната опрема од 1 јули до 31 декември 1978 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/78), чие важење е продолжено со Одлуката за продолжување на важењето на Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалување на царината на увозот на специфичната опрема од 1 јули до 31 декември 1978 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/78, 6/79, 9/79, 14/79, 21/79, 26/79 и 58/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА СРЕДИНА

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи за заштита на човековата средина („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78, 65/78 и 12/79) во точка 1 се вршат следните дополненија:

1) по тар. број 84.10/2а се додава нов тар. број, кој гласи:

„84.10/3в Центрифугални пумпи во „S" изработка
Ex.
— Центрифугални пумпи во „S" изработка за транспорт на сечени отпадоци од пластични материјали";

2) во тар. број 84.17/2к по третата алинеја, се додава нова алинеја која гласи:

„— Сушилници со пропелер и хидроциклон за сушење на сечени пластични отпадоци";

3) по тар. број 84.33/1 се додаваат два нови тар. броја, кои гласат:

„84.36/2в-2 Машини за преработка на природни или синтетички и вештачки текстилни влакна
Други
Ex.
— Машини за кинење текстилни отпадоци и за преработка во индустриска вата

„84.40/6е-2 Машини за перење и сушење на текстил
Други
Ех.
— Тунелски машини за перење и сушење на текстилни отпадоци (стара облека, мрсни крпи и друго)";

4) по тар. број 84.56/4г се додава нов тар. број, кој гласи:

„84.59/4б Машини за истиснување на пластични маси
Ех
— Термореакциони екструдери за истиснување на регранулати од агломерати на отпадоци од пластични материјали
